18.11.2021г.

ГЖ-1736/21

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Лиле Наумовска - претседател на советот, Виолета Костовска и Пакизер Алиоска - членови на советот, во правната работа на доверителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, против должникот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, за спроведување на извршување, одлучувајќи по жалбата на должникот изјавена против решението на Основниот суд Штип ППНИ бр.39/21 од 05.08.2021 година, на седницата на советот одржана на 04.11.2021 година, донесе:

ИЗВРШИТЕЛ
НИКОЛЧО САЗДОВ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ПРИМЕНО
И. бр. 610/21
Датум: 15-11-2021
Час: 10

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на должникот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Основниот суд Штип ППНИ бр.39/21 од 05.08.2021 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

Приговорот поднесен од должникот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, против Налогот за извршување И.бр. 610/21 од 22.07.2021 година на извршителот Николчо Саздов од Свети Николе именуван за подрчјето на Основен суд Штип и Свети Николе, СЕ УСВОЈУВА.

Извршното дејствие што се состои во издавање на Налогот за извршување И.бр. 610/21 од 22.07.2021 година на извршителот Николчо Саздов од Свети Николе именуван за подрчјето на Основен суд Штип и Свети Николе, СЕ СТАВА ВО ЦЕЛОСТ ВОН СИЛА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА доверителот да му ги на домести на должникот трошоците на постапката во износ од 79.224,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Со побиваното решение на Основниот суд Штип, приговорот од должникот против Налогот за извршување И.бр. 610/21 од 22.07.2021 година на извршителот Николчо Саздов од Свети Николе именуван за подрчјето на Основен суд Штип и Свети Николе, се одбива како неоснован.

Се задолжува должникот на доверителот да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 56.724,00 денари, во рок од 8 дена по правосилноста на решението.

Незадоволен од ваквото решение, должникот преку полномошникот адвокат Гоце Цоневски од Скопје, во законски рок изјави жалба, со која го побива решението по сите законски основи од чл.342 став 1 од ЗПП. Предлага, второстепениот суд жалбата да ја уважи, решението да го укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно одлучување или решението да го преиначи, како и да го задолжи доверителот да му ги надомести на должникот трошоците на постапката.

Доверителот преку полномошникот адвокат Ненад Јаниќевиќ од Адвокатска

канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, поднесе одговор на жалбата, во кој ги оспори жалбените наводи како неосновани и предложи второстепениот суд жалбата да ја одбие како неоснована и да го задолжи должникот да му ги надомести второстепените трошоци во вкупен износ од 84.336,00 денари.

Апелациониот суд во Битола, одлучувајќи по жалбата ги разгледа списите во предметот, наводите во жалбата, па по оценка на истите, испитувајќи го решението во границите на овластувањата од чл.354 и 371 од ЗПП и чл.10 од ЗИ, најде:

Жалбата е основана.

Имено, должникот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, до првостепениот суд поднел приговорот против Налогот за извршување И.бр. 610/21 од 22.07.2021 година на извршителот Николчо Саздов од Свети Николе именуван за подрчјето на Основен суд Штип и Свети Николе, со наводи дека извршителот постапил спротивно на чл.17 од Законот за извршување, бидејќи извршната исправа по која се спроведувало извршувањето не била подобна за извршување, ниту во првостепената ни второстепената пресуда тужените не биле задолжени да ја надоместат штетата како солидарни должници, па во услови кога второтуженият бил избришан од трговскиот регистар и престанал да постои, доверителот не можел да бара целокупниот износ да биде наплатен од првотуженият, од причина што Законот за извршување давал можност за солидарна одговорност само доколку истите одговарале солидарно. Поната му приговорил дека извршителот сторил незаконитости, бидејќи и самото барање не ги содржело сите потребни документи за да може да постапува по таквото барање и истото требало да биде отфрлено.

Извршителот и доверителот доставиле одговори на ваквиот приговор, во кои ги оспориле наводите на должникот и предложиле првостепениот суд приговорот на должникот да го одбие како неоснован, од причина што со издавањето на оспорениот налог од страна на извршителот не биле сторени незаконитости.

Првостепениот суд постапувајќи по приговорот на должникот, имајќи ги предвид одредбите од чл.12, чл.14, чл.17, чл.23 и чл.24 од Законот за извршување, истиот го одбил како неоснован, оценувајќи дека извршителот постапил правилно при донесувањето на налогот за извршување и извршувањето го спровел согласно со одредбите од Законот за извршување.

Од увидот во извршната исправа- пресуда на Основен суд Штип П-4 бр.78/15 од 18.01.2016 година и пресуда на Апелационен суд Штип ГЖ бр.205/21 од 03.06.2021 година се утврдило дека, првостепената пресуда во целост била потврдена со второстепената пресуда и истата станала правосилна на ден 03.06.2021 година, а извршна на ден 01.07.2021 година. Со овие судски одлуки, како извршна исправа, задолжени биле тужените - должници Винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ Имако вино ДОО увоз-извоз , износ од 1.915.458 евра со домицилна камата како штета да му ја надоместат на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, во рок од 8 дена од правосилноста на пресудата, па според првостепениот суд, ваквата исправа била подобна за извршување, бидејќи биле назначени доверителот, должникот, предметот, видот, обемот и времето на исполнување на обврската. Првостепениот суд прифатил дека барањето за извршување ги содржело сите елементи и податоци од чл.98 и ч.99 од ЗПП. Од увидот во полномошното издадено од доверителот судот оценил дека адвокатот како полномошник имал уредно полномошно за поднесување на барање за присилно извршување врз основа на извршните исправи, а барањето било уредно и во согласност со приложеното полномошно. Покрај тоа, првостепениот суд имајќи ги предвид извршните исправи и барањето за извршување утврдил дека, тужителот во пресудите било истото лице кое било и подносител на барањето за

извршување, односно не постоело несовпаѓање на називот на тужителот во извршните исправи со називот на доверителот во барањето за извршување.

Од увидот во извршните исправи, првостепениот суд утврдил дека во изреката врз основа на која се спроведувало извршувањето било наведено дека, се задолжуваат тужените Винарска визба Имако вино ДООЕЛ штип и ТД ТПУ Имако ДОО увоз- извоз Штип, на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со камата во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата, па според првостепениот суд ваквата изрека упатувала на солидарна одговорност на должниците за обврската спрема доверителот, станувало збор за неделива солидарна одговорност и на двајцата, а од увидот во извршната исправа судот не утврдил дека бил утврден посебен дел од вкупната обврска спрема тужителот на секој од тужените посебно, па бидејќи судовите утврдиле дека тужените му причиниле штета на тужителот во износ од 1.915.458 евра, неспорно произлегувала и нивната солидарна одговорност при надоместувањето на штетата која се засновала на член 195 од ЗОО.

Врз основа на изнесеното, првостепениот суд прифатил дека извршителот со издавањето на оспорениот налог не сторил незаконитости и извршувањето го спровел согласно со одредбите од Законот за извршување.

Во жалбата должникот ги изнесува истите наводи како во приговорот, меѓудругото наведувајќи дека, нејасно е како судот утврдил дека изреката на првостепената пресуда упатувала на солидарна одговорност на должниците за обврската спрема доверителот, кога во истата не бил наведен видот, обемот и начинот на исполнување на обврската од тужените, ниту било наведено дека должниците се солидарно одговорни спрема доверителот Првостепениот суд погрешно се повикал на чл.195 од ЗОО, од причина што тужените не биле тужени како солидарни долници, ниту пак биле задолжени да ја надоместат штетата како солидарни должници, па во услови кога второтуженият бил избришан од трговскиот регистар и престанал да постои, доверителот не можел да бара целокупниот износ да биде наплатен од првотуженият. Во обжаленото решение првостепениот суд се повикал на чл.23 од Законот за извршување, меѓутоа во конкретниот случај не можело да стане збор за солидарни должници бидејќи ниту тужителот барал тужените да ја надоместат штетата како солидарни должници, ниту такво нешто било наведено во пресудите, а Законот за извршување давал можност за солидарна одговорност само доколку истите одговараат солидарно според извршната исправа, што во дадената ситуација не било случај.

Второстепениот суд ваквите жалбени наводи ги оцени како основани.

Имено, видно од изреката на извршната исправа, задолжени се тужените Винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ Имако вино ДОО увоз-извоз , на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата, како и трошоците на постапката, во рок од 8 дена од правосилноста на пресудата.

Ако се анализира изреката на извршната исправа, погрешно првостепениот суд заклучил дека истата упатува на солидарна одговорност на должниците, од причина што во конкретниот случај со оглед на тоа што во извршната исправа не постои изрично задолжение со кое тужените треба солидарно да му го надоместат на тужителот досудениот износ, произлегува дека не станува збор за солидарна обврска на тужените за надомест на штетата.

Согласно со одредбата од чл.402 ст.1 од ЗОО, секој должник на солидарна обврска му одговара на доверителот за целата обврска и доверителот може да го бара нејзиното исполнување од кого сака се додека не биде наполно исполнета, но кога еден должник ќе ја исполни обврската таа престанува и сите должници се ослободуваат.

Согласно со чл.23 од Законот за извршување, против два или повеќе должници кои солидарно одговараат според извршната исправа, извршителот може да донесе налози за извршување за секој должник посебно.

Имајќи ги предвид цититаните одредби, во ситуација кога во конкретниот случај видно од извршната исправа, со истата должниците не се задолжени солидарно да ја исполнат обврската спрема доверителот, по мислење на овој суд, не постои солидарната одговорност на должникот Винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип, бидејќи таквата одговорност не произлегува од извршната исправа, па следствено не може доверителот да бара солидарно исполнување на обврската за целиот износ од кого сака, во смисла на чл.402 од ЗОО.

Точно е дека со извршната исправа постои задолжение тужените Винарска визба Имако вино ДООЕЛ Штип и ТД ТПУ Имако вино ДОО увоз-извоз , на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата, без конкретно наведување на посебен дел од вкупната обврска спрема тужителот на секој од тужените посебно. Меѓутоа, ако обврската е пасивно делива, секој должник одговара само за својот дел иако целиот износ потекнува од истиот правен однос. Доверителот од секој од нив може да бара исполнување само на неговиот дел од побарувањето, па обврската се дели на еднакви делови ако има повеќе должници, а не е определена поинаква поделба на секој од нив.

Оттука, со оглед на тоа што со извршната исправа должниците не се солидарно задолжени да му ја надоместат штетата на доверителот, не може да станува збор за солидарно исполнување на обврската, па при таква состојба извршителот можел да го задолжи должникот само за половина од досудениот износ, а не за целиот износ, поради што по мислење на овој суд, со издавањето на оспорениот налог извршителот сторил незаконитости во извршувањето

Од овие причини овој суд жалбата на должникот ја уважи, а налогот за извршување со кој должникот е задолжен во целост да го исплати долгот по извршната исправа на доверителот, го стави вон сила.

Согласно со чл.160 т.1 од ЗПП, доверителот е должен да му ги надомести на должникот трошоците по повод приговорот во вкупен износ од 79.224,00 денари од кои: за состав на приговор со 18 % ДДВ износ од 55.224,00 денари и 24.000,00 денари судски такси за приговор, кои се пресметани според вредноста на извршувањето, согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите и Законот за судски такси, при што наградата за состав на приговор е двојно поголема поради учество на странско лице.

Врз основа на горенаведеното, а согласно со чл.87 став 7 од ЗИ и чл.370 ст.1 т.3 од ЗПП се одлучи како во изреката.

АР/

Претседател на советот,
Судија,
Лиле Наумовска с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
Верно со оригиналот потврдува